

# ИНФОГРАФИК ЗА СОСТОЈБАТА СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ВРЕМЕ НА КОВИД-19

## Хелсиншки Комитет

Хелсиншкиот комитет по прогласувањето на вонредната состојба како резултат на глобалната пандемија со коронавирусот ја реорганизираше својата работа согласно препораките на надлежните институции за да може да одговори на барањата на граѓаните и да обезбеди заштита на најранливите категории граѓани.

**Од почетокот на пандемијата [10.03] до 15.05, Комитетот регистрираше рекорден број од над**

**300**

**граѓани кои се обратија за бесплатна правна помош.**

Овозможивме непречено одвивање на услугата за бесплатна правна помош за граѓаните преку:

- телефон
- електронска пошта
- директни средби во итни случаи

## Работнички права

**10.03 – 15.05**

Од прогласувањето на вонредната состојба забележани се груби прекршувања на работничките права, чиј број секојдневно се зголемуваше во континуитет.

пријавени

**152**

**случаи на повреда на правата од работен однос кои засегаа**

**2.481**

**работник.**

### Најзастапени прекршувања:

- Отпуштање на цели групи работници и наметнати спогодби.
- Хронично болните, бремените работнички и родителите на деца до 10 годишна возраст, кои беа ослободени од работни обврски, се соочуваа со **50%** намалени плати.
- Голем дел од работодавачите не ги почитуваа мерките и препораките на Владата и на Министерството за здравство за превенција и заштита од коронавирусот.

## Родова димензија на работничката криза

Речиси

**2/3**

**од сите случаи се работнички.**

**Тоа се должи на фактот што најголем дел од вработените во секторите кои беа најпогодени од кризата како угостителството, продавниците за облека и обувки и фризерските и козметичките салони, се жени.**

Жените исто така почесто засноваат работен однос со договор за вработување на определено време, за разлика од мажите, па поради кризата во голем дел нивните договори не беа продолжени од страна на работодавачите.

## Текстилни работнички

Во првите месеци од кризата, Хелсиншкиот комитет регистрираше зголемен обем на прекршувања на работничките права на текстилните работнички. Најголем дел беа за несоодветно организиран превоз, несоодветна оддалеченост во погоните за производство и принудни „спогодби“ за раскин на договорите за вработување, како и неослободување од работа на хронично болни лица.

### Државен инспекторат за труд

Хелсиншкиот комитет поднесе

**15**

**барања за вонреден инспекциски надзор за кршење на работничките права на текстилните работнички.**

**14** – Утврдени прекршувања на работничките права и налог за отстранување на истите

**1** – За 1 барање сè уште нема одговор

## Семејно насилство

**Комитетот регистрираше вкупно**

**5**

**пријави на семејно насилство,**

што не укажува на постоење на тренд на зголемување на случаите, а тоа го говорат и статистиките на МВР и МТСП. Имајќи предвид дека на глобално ниво порастот на семејното насилство од самиот почеток на изолацијата достигна над **25%**, имаме причина да веруваме дека податоците го потврдуваат долгогодишниот проблем на непријавување од страна на жртвите, но и несоодветниот начин на евидентирање на кривичните дела и водење на родово разделена статистика. Надлежните институции треба да овозможат пристапна атмосфера на жртвите од семејно насилство за да можат да ги пријават случаите до надлежните институции.

## Лица во социјален ризик

**Државата ги приспособи административните постапки за постоечките корисници на правата од социјална заштита,**

па меѓу другото, го продолжи рокот за доставување на потребната документација, вршењето на здравствени прегледи и увидот во домовите на корисниците. Иако овие мерки целеа да го олеснат остварувањето на правата од социјална заштита, дел од тие кои се обратија за правна помош од Комитетот, нè известија дека при обидот да го сторат тоа, наишле на одредени проблеми и неусогласености, особено во центрите за социјална работа.

## Заштита на деца – остварување контакт со родител

**Правото на детето да одржува лични контакти со родителот со кој не живее беше отежнато.**

Поради неможноста за постигнување заемен договор и поради недостапноста на дел од центрите за социјална работа (и покрај заложбата на Министерството за нивна отвореност и достапност за помош), дел од децата подолг период не остваруваа контакт со едниот родител.

## Бездомни лица

**Голем дел од мерките насочени кон општата популација не се реални решенија за бездомните лица.**

Министерството за труд и социјална политика информираше дека прифатните пунктови во Скопје, Битола, Струмица и Струга, отворени во соработка со Црвениот Крст, се функционални и делат пакувана храна, маски и гелови за дезинфекција за бездомните лица. Во Скопје функционира и медицински пункт во Момин Поток. Сепак, надлежните институции не ја информираа јавноста за целосното справување со проблемите со кои се соочуваат бездомните лица.

## Стари лица

**Повозрасните граѓани беа едни од најтешко погодените од здравствените ризици кои ги носи пандемијата, но и од рестриктивните мерки за превенција.**

Краткото време предвидено за извршување на обврските во периодот на ограничена слобода на движење, придонесе за поголема концентрација на повеќе лица на местата од интерес, но и дополнителна социјална изолација, особено за оние кои живеат сами.

## Лица со попреченост

Диспропорционалните ефекти на пандемијата врз одредени групи на граѓани беа значително видливи кај лицата со попреченост, како една од најмаргинализираните групи во општеството. Голем дел од лицата со попреченост имаат поранлива здравствена состојба која ги става во поголем ризик од самата болест.

За овие лица движењето претставува терапевтска активност и дел од воспоставена навика, Владата донесе уредба со која беше утврден посебен режим на движење за лицата со попреченост во тек на полицискиот час.

**Во однос на поддршката на лицата со попреченост, само**

**27**

**општини во земјава беа опфатени со мерката на Министерството за труд и социјална политика за поддршка во домот.**

Олеснителна околност претставуваше одлуката на Владата за редуцирање на административните процедури кои се однесуваат на користење на одредени права од социјална заштита.

Децата со посебни образовни потреби се соочија со бројни предизвици. Онлајн платформите за учење на далечина, со почетокот на изолацијата ги исклучуваа најголемиот дел од децата со попреченост. Дури на крајот на април беше промовирана онлајн платформата за учење и развој на децата со попреченост, за тие да можат да продолжат со образовниот процес и во домашни услови.

## Лица лишени од слобода

**Казнено-поправните установи забранија посети и поволности на лицата лишени од слобода.**

Од граѓанскиот сектор беа поднесени препораки за спроведување на засилени мерки на заштита на лицата кои се лишени од слобода во време на пандемија во насока на превенција со предлози за намалување на бројот на лица лишени од слобода. Се препорачува користење на алтернативни мерки и пробација; условен отпуст, како и преземање на мерки со кои ќе се гарантира заштитата на човековите права и човековото достоинство на овие лица.

Комитетот за превенција од тортура упатува на тоа дека “државите треба и понатаму да гарантираат пристап на сите тела за мониторинг во сите места каде што се сместени лица лишени од слобода, вклучувајќи ги и местата каде што се сместени лица во карантин.”

## Поддршка за ЛГБТИ луѓе

**Условите на самоизолација и долгите полициски часови се предизвик за ЛГБТИ луѓето,**

особено за оние луѓе за кои „да се биде тоа што сум“, најчесто значи да се биде надвор од домот. Кога има полициски час, овие луѓе најголемиот дел од денот го поминуваат во домот, кој често може да биде средина во која тие не се поддржани и прифатени, а во најлош случај може да бидат изложени и на насилство.

ЛГБТИ Центарот за поддршка во овој период продолжи со згрижување на ЛГБТИ луѓе во ризик во Сигурната куќа, собирање донации, психолошко советување, бесплатна правна помош и користење на социјалните медиуми и платформи за онлајн поддршка и социјализација.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Овој текст е изработен со финансиска поддршка од заедничката програма на Европска Унија и Совет на Европа. Тука искажаните мислења нужно не го одразуваат официјалното гледиште на двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ